



# БОШ 2012

**ОФИЦИЈАЛНА ПРОГРАМА**
**Мултимедијален арт фестивал 'БОШ 4', Гевгелија (24 – 26 август, 2012)**

**ПЕТОК, 24 август**

- **19:00 ГРУПНА ИЗЛОЖБА НА СКУЛПТУРИ И ИНСТАЛАЦИИ – Стара Чаршија**



Ивана Пирковска, Надица Апостоловска, Ристо Јосифовски-Ромбо, Ивана Спироска, Марија Дичова, Елена Ѓоргиева, Дамјан Ѓуров, Перо Кованцалиев, Игор Сојаноски, Љупчо Иљовски, Перо Танчев, Мирослав Талевски, Ѓорги Алтанциев, Слободан Капески, Димче Димески, Александар Јанев, Доротеј Нешовски, Слободан Милошески, Гордана Хаџи-Николова Малашев, Горан Стаменков, Александар Тасевски, Саше Дичковски. / АУЗЕР Воѓера, А.Л.Б.А. Ценова Италија – Васко Ѓорѓиев.

- **19:30 АНГЕЛ МИОВ – 'TEMPORARY ART FOR CON-TEMORARY TIME' (инсталација) – Градски Пазар (филатура)**



Инсталацијата претставува интервенција во урбан простор, поточно во конкретен трговски комплекс од 11 дуќани во изградба, изградба која е стопирана повеќе години. Дуќаните без покрив, но со отворен излог. Ќе бидат пренаменети во изложбен простор, за кратко ќе добијат и светло, и приказни за платното...
Ќе дојдат и добри гости само да видат, не мора да купат, не мора да си одат, само да не крадат...
АНГЕЛ МИОВ е ликовен уметник кој се изразува преку различни медиуми, како инсталации, видеоарт, перформанс, класично сликарство, фотографија... Во своите дела тој го истражува идентитетот на уметникот наспроти идентитетот на уметничкото дело, идентитетот на ѓубрето наспроти смрдеата, идентитетот на жената наспроти музиката, поточно за променливоста на идентитетот, а најточно, со што се бави не е сигурен...
Роден е во Гевгелија во 1982 година. Дипломирал во 2006 година, на ФЛУ во Скопје, оддел сликарство - конзервација и реставрација. Во 2011 година завршува постдипломски студии на ФЛУ во Скопје.
Од 2007 година е член на ДЛУМ. Во 2009 година тој е еден од основачите на групата и простор Арт-ИНСТИТУТ во Скопје. Учествувал на повеќе групни изложби во земјава и странство, а има остварено и три самостојни изложби.

## Останати категории

- Медиумски извештаи
- БОШ фестивал видео
- Програма БОШ фестивал, 2013
- Програма БОШ фестивал, 2012
- Програма БОШ фестивал, 2011
- Програма БОШ фестивал, 2010

- **19:30 МОМИ – Градски театар (фоаје)**



МОМИ е група од седум уметници, Ана Ивановска, Зорица Зафировска, Кристина Хаџиева, Маја Кировска, Марија Сотировска, Татјана Ристовска, Христина Зафировска, кои на голем број заеднички проекти соработувале уште во рамките на групата Арт И.Н.С.Т.И.Т.У.Т. обединети пред се поради сличниот сензибилитет и пристап кон темите кои ги обработуваат во своите дела.
"Како единки во општеството каде што се пропишани одредени закони и норми на однесување, често доаѓаме во судир сами со себе, а потоа и со другите. Тоа се гледа во сите сфери на општественото живеење. Во него константно постојат незадоволства и врискања на сите страни, политика, економија, правда, култура... Сфаќаш дека можеби најдобар начин да се одржиш и да продолжиш понатаму е да го правиш она што го сакаш со луѓето кои ги познаваш. Уметноста ни дава сила да го кажеме она што го чувствуваме, а со тоа да помогнеме да се промени колективната свест  за доброто на сите"

"Good Vibes" е обид да се остане мотивиран,да се смени перспективата, а со тоа и целосното восприемање на светот околу нас.Се работи за намера да се види убавината во се што не опкружува, предизвик да се покаже едно оптимистичко  гледање на нештата, што во ова време, можеби на прв поглед некому ќе му изгледа апсурдно. Луѓето се преокупирани со злото што не опкружува, воопшто не забележувајки ги добрите и убави нешта кои, иако подредени, во секој случај постојат и покрај несовршеноста на светот.
Да пронајдеме убавина во се околу нас ни е толку важно бидејки нашата перспектива на гледање на нештата влијае директно на секоја одлука која ја правиме постојано во животот.Како слободни индивидуи наше е да одлучиме како би ги гледале работите. Наша цел е под лупа да ги истражиме и на пиедестал осветлени со насочено светло да ги ставиме овие мали совршености како извор на сите позитивни вибрации и љубов.

- **19:30 ИВАН ИВАНОВСКИ - `КОНЗО' (филм+инсталација) - Градски театар (фоаје)**



'Дојдете во Конзо, тука има сè на едно место, без турканици, без чекање, без провизија, без сè. Имаме сè што ви е потребно за да бидете среќни.
Секогаш тука за Вас,
Конзо'.

КОНЗО е краток филм во стоп анимација во кој е претставен консумеризмот, како појава која ги заменува есенцијалните човекови чувства и потреби со производи, а на човекот се гледа како на овца, чија улога во опшетството е да купува.

- **19:30 НИКОЛА РАДУЛОВИЌ – 'CONFUSION is SEX' (масло на платно) – Градски театар (фоаје)**



НИКОЛА РАДУЛОВИЌ од 2002 до 2006 завршил во Државното средно училиште за применета уметност "Лазар Личеноски" во Скопје - отсек: применета графика, за да во периодот од 2006 до 2010 студира на Факултетот за ликовна уметност во Скопје, отсек-сликарство, насока-графички дизајн.
До сега има остварено повеќе групни и неколку самостојни изложби во земјава и странство, а во 2010 година, добитник е на наградата 'Борко Лазески', за особени достигнувања во сликарскиот оддел.

- **19:30 МАРИЈА МИЛОШЕВСКА – 'ОРОРОК', изложба на фотографии – Стара Градинка**



Фотографии од нејзиниот филигран.
Инспирација и модели: Дарко Рундек, Рамбо Амадеус, Која (Дисциплина кичме), Давор Гобац (Психомодо поп), Забрањено пушење, Азра...
МАРИЈА МИЛОШЕВСКА, по професија дипломиран етнолог, веќе седум години работи филигран, притоа надградувајќи ја старата традиционална техника со нови дизајни, експериментирајќи со разни материјали и комбинации , а сето тоа водено од нејзиниот ороводец – музиката. Спојот на филигран со музика уште во неговата создавачка фаза, свирењето на сребрената жица, но и создавањето на инструменти од филигран, од кои некои и буквално свират и испуштаат звук, прави материјализирање на музиката, но во исто време му дава и музикалност на филигранот.
Инспирирана од музиката која ја слуша, таа ја прави колекцијата филигран наречена ОРОРОК. Секое од парчињата накит од колекцијата е поврзано со одредена песна од автор или бенд, познати од екс-ЈУ сцената, при што и самите се модели во овие фотографии.

- **20:00 АТОМ ТЕАТАР – 'НА РАБОТ', Софија, Бугарија (премиерно на БОШ и во МК) – Градски театар**